РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-506/1
27-01-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 27-мата седница одржана на 23.01.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-2853/1 од 28.10.2025 година, оформен по добиена пријава со наводи за сомневање за прекршување на законските одредби во изборен процес од страна на градоначалникот на Општина ///, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што наводите не се потврдуваат односно во предметниот случај не е констатирано прекршување на законските одредби за време на изборен процес.

Предметот со број 12-2853/1 од 28.10.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 28.10.2025 година, поднесена е пријава во која се изнесени наводи за сомневање за прекршување на законските одредби во изборен процес од страна на градоначалникот на Општина ///.
Според наведеното во пријавата, поранешниот градоначалник на Општина /// ///, во текот на времетраењето на неговиот мандат, а по започнување на изборниот процес за Локалните избори 2025 година, по спроведување на постапка по јавен повик, донел Решение за избор на членови на Организацискиот одбор на ///, за што подносителот на пријавата цени дека упатува на ризик од вршење на влијание во контекст на изборниот процес, особено земајќи предвид дека избраните членови на организацискиот одбор имаат право на финансиски надомест.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави Барање за доставување податоци и информации до Општина ///.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени како одговор на Барањата на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа и член 39 од Статутот на Општина ///, на ден /// година од страна на градоначалникот на Општина /// бил објавен Јавен повик бр./// од /// година, за избор на членови на Организацискиот одбор на ///, со рок за пријавување од 14 дена од денот на објавување на повикот. Во јавниот повик било објавено дека за негово спроведување ќе биде формирана Комисија, којашто била формирана со Решение на градоначалникот бр./// од /// година. Истовремено, во јавниот повик било објавено дека градоначалникот, врз основа на предлогот на Комисијата, ќе донесе Решение за избор на /// члена на Организацискиот одбор на ///, од кои /// од кандидатите пријавени на јавниот повик, а /// од институциите инволвирани во организацијата на ///, со мандат од 4 години.
Комисијата за спроведување на јавниот повик за избор на членови на Организацискиот одбор на ///, по составување на Записник бр./// од /// година од одржан состанок за отворање и разгледување на примените пријави, до градоначалникот на Општина /// доставила Известување /// од /// година, во кое се посочени /// кандидати за кои Комисијата оценила дека ги исполнуваат условите и ја имаат доставено потребната документација. Врз основа на Записникот бр./// од /// година, градоначалникот на Општина /// донел Решение заведено под бр./// од /// година за избор на членови на Организацискиот одбор на ///.

Според член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и според член 8-а од Изборниот законик:

*„Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и на градот Скопје, не може:*
*-да започне изградба со средства од буџетот или од јавни фондови или со средства на јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал на нови објекти во инфраструктурата, како патишта, водоводи, далноводи, канализација и други објекти или на објекти за општествени дејности - училишта, градинки и други објекти, освен ако за таа намена претходно се обезбедени средства од буџетот, односно се работи*

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

*за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година,
- да се вршат исплаќања на плати, пензии, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови кои не се редовни месечни исплати, односно сите едногодишни трансфери и исплати или еднократни трансфери од буџетски средства или од средства на јавни фондови, ниту да се отуѓува државен капитал, ниту да се потпишуваат колективни договори,
- да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи".*

ДКСК цени дека утврдената фактичка состојба упатува на тоа дека Решението заведено под бр./// од /// година за избор на членови на Организацискиот одбор на /// е донесено по спроведување на постапка којашто не е дејствие опфатено со забраните пропишани во членот 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и во членот 8-а од Изборниот законик. Истовремено, ДКСК утврди дека во текот на времетраењето на изборниот процес не е извршена ниту една исплата кон членовите на Организацискиот одбор на /// избрани со Решението заведено под бр./// од /// година. Оттаму, ДКСК констатира дека утврдената фактичка состојба не упатува на прекршување на забраната од членот 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и во членот 8-а од Изборниот законик.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, наводите за сомневање за прекршување на законски одредби во изборен процес изнесени во пријавата врз чија основа е оформен предметот не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување. Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk